Република Северна Македонија
ОСНОВЕН СУД РЕСЕН
Су.бр.04-77/23
24.10.2023 год.
Р е с е н

Претседателот на Основен суд Ресен, Емељ Кранли Али, врз основа на член 43 од Законот за судска служба (Сл. Весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018, 198/2018, 248/2018 и 235/22 ), по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас број 1/2023 на Основен суд Ресен за кариерно унапредување на судски службеник за работното место Судски референт-извршител во писарница, категорија Г, ниво Г3 – 1 (еден) извршител, после извршената административна селекција и спроведеното интервју од страна на Комисијата за селекција за унапредување на судски службеници како и Предлог одлуката на Комисијата, на ден 24.10.2023 год. ја донесе следната :

# О Д Л У К А

за избор на 1 извршител – кандидат за кариерно унапредување

За работното место од Интерниот оглас 1/2023, Судски референт-извршител во писарница, категорија Г, ниво Г3, се избира кандидатот:

1. **ЏЕМИЉ ИЉАЗИ**

По конечноста на одлуката за избор, за избраниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување на судски службеник.

## Образложение

Основниот суд Ресен по добиена согласност на Судски Буџетски Совет на РСМ бр. 08-200/5 од 11.08.2023 год. и Известување од Министерството за финансии бр.18-3743/2 од 30.03.2023 год., објави интерен оглас бр.1/2023 за кариерно унапредување на судски службеник за работно место со звање Судски референт-извршител во писарница, категорија Г, ниво Г3 – 1 (еден) извршител, на ден 03.10.2023 година на веб страната на судот и започна со спроведување на постапката за унапредување.

По спроведената постапка за селекција за унапредување на судски службеници согласно со Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, формата, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работно место за кои е објавен интерниот оглас, („Службен весник на РСМ“ бр.275/20), Комисијата за селекција за унапредување на судски службеник после

извршената административна селекција и спроведеното интервју достави Конечна ранг листа Су.бр.04-77/23 од 19.10.2022 год. и Предлог одлука Су.бр.04-77/23 од 19.10.2023 год. до Претседателот на судот за унапредување на судски службеник за работното место Судски референт-извршител во писарница, категорија Г, ниво Г3 – 1 (еден) извршител.

Како прво рангиран се предлага кандидатот Џемиљ Иљази.

Согласно со член 43 став 1 од Законот за судска служба, Претседателот на судот во рок од три дена од добивањето на предлогот е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја во предвид наведената законска одредба, конечната ранг листа и предлогот за избор на кандидати за кариерно унапредување на судски службеници за работното место со звање Судски референт-извршител во писарница, категорија Г, ниво Г3, Претседателот на судот одлучи како во изреката .

Примерок од Одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на огласната табла и веб страната на судот.

ОСНОВЕН СУД РЕСЕН

Претседател,
Емељ Кранли Али

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба.